ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) и член 52 од Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија, бр.01-802/1 од 28.08.2020 година, главниот државен ревизор донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година

**1.** Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година број 01- 741/1 од 31.12.2019 година и број 01-631/1 од 2.6.2020 година, во точка 2 – Избор на субјекти/проекти/теми за вршење ревизија, во став 2 зборовите „бројот 47/четириесет и седум/", се заменуваат со зборовите „бројот 59 /педесет и девет/".

2. Во точка 6 – Методолошки прашања и стратешки документи, во став 4, алинеја 3 се брише и во истиот став алинеја 4 станува нова алинеја 3.

Во истата точка, во став 5 првата реченица се менува и гласи:

„Изготвувањето на нова Стратегија за развој на ДЗР за петгодишен период е планирана како активност со новиот Твининг проект МК 18 IPA FI 03 020 „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор", кој ќе се реализира во периодот 2021-2022 година. Со изготвувањето на новата Стратегија ќе се разгледува и потреба од измени во мисијата на ДЗР и подготовка на нова ИТ Стратегија на ДЗР, со оглед дека истите произлегуваат од Стратегијата за развој на ДЗР. Изготвувањето на споменатите стратешки документи односно измените во мисијата на ДЗР ќе се планира со наредна Годишна програма за работа на ДЗР. "

3. Во Прилог 1 - Преглед на планирани ревизии за 2020 година – Ревизија на регуларност во ИК 3, реден број „6" – Министерство за правда – Управа за извршување на санкции Скопје, се брише и истата се пренесува како можна ревизија која ќе биде предмет на оценка за опфат во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година.



INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

4. Во Прилог 1 - Преглед на планирани ревизии за 2020 година – Ревизија на регуларност во ИК 4, редните броеви 16, 17, 18 и 19 од годишна програма со редните броеви во класа 5, 6, 7, 8, кои стануваат редни броеви 14, 15, 16, 17 со редните броеви во класата 5, 6, 7 и 8 се менуваат колоните за опис и место и гласат:

| Ред.бр. во ГП | Ред.бр. во класа | Опис | Место |
|---|---|---|---|
| 14 | 5 | Коалиција МОЖЕМЕ за Предвремени Парламентарни Избори за 2020 година, предводена од СДСМ | Скопје |
| 15 | 6 | ВМРО – ДПМНЕ и Коалиција Обнова за Македонија, Изборна кампања 2020 година | Скопје |
| 16 | 7 | Демократска унија за интеграција Скопје, Изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 | Тетово |
| 17 | 8 | Алијанса за Албанците и Алтернатива за изборна кампања за предвремените избори Тетово | Тетово |

По реден број 19 од годишната програма, кој се менува и станува реден број 18 следствено се додаваат нови редни броеви со редни броеви во класа и со колони за опис и место како што следи:

| Ред.бр. во ГП | Ред.бр. во класа | Опис | Место |
|---|---|---|---|
| 18 | 9 | Политичка партија Твоја Партија Скопје-изборна кампања за Предвремени избори за пратеници во Собранието на РСМ 2020 | Скопје |
| 19 | 10 | Интегра Македонска Конзервативна Партија-Предвремени парламентарни избори 2020 | Скопје |
| 20 | 11 | Политичка Партија Социјалдемократска унија предвремени парламентарни избори 2020 година | Скопје |
| 21 | 12 | Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година Скопје | Скопје |
| 22 | 13 | Политичка партија Демократи за предвремени парламентарни избори за изборна кампања за 2020 година Скопје | Скопје |